## ВЕЧЕР ПОСВЕТЕНА НА АТАНАС БАДЕВ



Во средата, 11 април 2012, во фоајето на ЦК се одржа Вечер посветена на првиот македонски школуван композитор Атанас Бадев, голем



мајстор на хорскиот слог, како и на хармонскиот и полифонскиот начин на компонирање. Реч имаше проф.д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, кој во излагањето го посочи значењето на творештвото на Бадев, а се осврна и на дејствувањето на повеќе музички преродбеници во Прилеп. На Вечерта, настапи и градскиот црковен хор Св. Благовештение, под диригенство на Гоце Секулоски, кој исполни повеќе композиии, меѓу кои и ,,Молитвами Богородици,, и ,,Спасими,, од Бадев. Атанас Бадев е автор на повеќе композиции, меѓу кои и на ,,Златоустовата литуругија,,, .